VII П5 бр. 2/16

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II - ГРАЃАНСКИ СУД - СКОПЈЕ** како првостепен парничен суд со основна и проширена надлежност во совет составен од судијата Весна Калковска како претседател на советот и судиите поротници Трајанка Даневска и Виолета Блажевска, членови на советот, постапувајќи по правната работа на тужителот Скендер Бузаку од село Средно Коњари - Скопје против тужениот Ќани Несими од село Доброште - Теарце преку полномошник адвокат Радован Чешмаџиски од Куманово, за утврдување на граѓанска одговорност за клевета и надомест на штета, вредност на спорот 300.000,00 денари, по одржаната главна јавна и усна расправа на ден 14.02.2018 година, во присуство на тужителот и полномошникот на тужениот, а по советувањето и гласањето на ден 28.02.2018 година ја донесе и објави следната:

ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА
ОСНОВЕН СУД - СКОПЈЕ II
27.03.2019
Управител на суд. писарница

ОСНОВЕН СУД - СКОПЈЕ II
ОДЛУКАТА Е ИЗВРШНА
11.07.2019
Управител на суд. писарница

**I**

**П Р Е С У Д А**

Тужбеното барање на тужителот Скендер Бузаку **ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ УТВРДУВА** граѓанска одговорност за клевета на тужениот Ќани Несими затоа што на ден 11.10.2015 година на социјалната мрежа Фејсбук на неговиот личен Фејсбук профил објавил текст со наслов:„ Скендер Бузаку информатор на Божиновски за ИВЗ“ со фотографија на тужителот и разговори помеѓу тужителот и лицето Зоран Божиновски ширејќи невистнити изјави и содржини, содржани во текстот кои се штетни за честа и угледот на тужителот, а со следната содржина:

*„На социјалните мрежи вечерва се објавени транскрипти од приватните разговори на Фејсбук меѓу Скендер Бузаку поранешен вработен во ИВЗ-то, дел од групата на разрешениот секретар на ИВЗ-то Африм Тахири кој што пред неколку месеци насилно го окупираа седиштето на ИВЗ- то со новинарот Зоран Божиновски кој во последно време често на неговиот портал Буревесник објавуваше теми против ИВЗ- то и раководителите на оваа институција.“*

*Зоран Божиновски:- Здраво Скендер*
*Скендер: -Здраво Зоки*
*Зоран: Како сте? Како се Ибро, Африм, Абаз и другите?*
*Скендер Бузаку: тука се со мене. Со тебе сме јаки. Хаха. Имаме еден добар план стопосто ќе ни успее, ни треба твојата помош;*
*Зоран Божиновски: јас сум ти верен до гроб, исто како вашиот Тачи Мендух. хахаха;*
*Скендер Бузаку: Хахаха, Африм вика овој пат одиме полека но сигурно, Жарко и овие копилињава од ДУИ мора да ги тргнеме од власт имаме супер план. Шиптарите се палат само ако им покажуваш пари и жени, а нон стоп зборат за чест, глупави жими се;*
*Зоран Божиновски: И моите се исти, а честа не ги интересира. Вечеравме заедно, но многу голем беше аманетот, ме зачудивте, хахаха;*
*Скендер Бузаку: хахаха. Ова е само почеток другар, само да им ебеме мајката на овие копилињава;*
*Зоран Божиновски: Жарко и копилињата од ДУИ, маметo нивно;*
*Скендер Бузаку: Ќе ти пратиме нешто за Љули, ќе правиме филм за убиството на Харун Алија дека тој е виновен за неговата смрт. Стариот го зел на работа братот на Харун во муфтивството во Скопје, глупавиот Мевлудин Алија;*
*Зоран Божиновски: Имате ли уште нешто за Жарко. Каква беше реакцијата на луѓето за Ролексот. Имаше ли ефект текстот што пишував во Доказ;*
*Скеднер Бузаку:Не знаеме, само на Фејсбук пишуваат комент. Одиме со друга стратегија, ќе чепкаме малку кај неговите синови, снаи, муфтиите, соработниците,*

*се со ред;*
*Зоран Божиновски: што ќе ми посака душата ќе пишувам;*
*Скендер Бузаку: Ок.Дали вчера те посети нашиот пријател? Аманетот беше ли добар;*
*Зоран Божиновски: од утре ќе бидат крвави непријатели;*
*Скеднер Бузаку: Ок Зоки, за вечерва е доста, да не те замараме;*
*Зоран Божиновски: фала ви за се, поздрави ги сите;*
*Скендер: Чао.“*

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот Ќани Несими на тужителот Скендер Бузаку на име надомест на нематеријална штета заради повреда на личните права на чест и углед да му исплати износ од 30.000,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му предходело на тековното полугодие зголемена за осум проценти поени сметано од 28.2.2018 година до исплатата, како и да му ги надомести трошоците во постапката во износ од 40.180,00 денари, а се во рок од 15 дена по пиемот на пресудата.

Тужбеното барање на тужителот за разликата од предјавениот износ од 300.000,00 денари до досудениот надомест на нематеријална штета од 30.000,00 денари или за износ од 270.000,00 денари со камата на истиот, како и барањето за трошоци за разликата од предјавениот износ од 68.000,00 денари до усвоениот износ од 40.180,00 денари или за износ од 27.820,00 денари **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот преку својот полномошник во тужбата наведе дека на ден 10.10.2015 година на интернет страницата, порталот www.fakte.net е објавен текст со наслов и содржина детално цитирани во изреката на оваа пресуда. Истиот текст на ден 11.10.2015 година тужениот го поставил на социјалната мрежа Фејсбук, на неговата Фејсбук страница регистирана на негово име. На овој начин сите изнесени невистинити наводи во текстот кој се штетни за честа и угледот на тужителот биле споделени лицата со кои што тужениот комуницирал преку својот Фејсбук профил. На овој начин тужениот тужениот овозможил невистинитите тврдења за тужителот кои се со голема тежина и се подобни како такви да наштетат сериозно на честа и угледот на тужителот да бидат пренесени преку интернет во јавноста кој има моќ да допира до огоромен број на лица. Тужениот без да ја провери вистинитоста на објавената содржина намерно истата ја преземал и ја споделил со јавноста што очигледно упатува на неговата намера на тој начин да наштети на чест и угледот на тужителот, дотолку повеже што тужениот во тоа време бил ново поставен муфтија на муфтивството Гостивар и контактира со голем број на верници кои што согласно неговата позиција безрезервно му веруваат. Тужителот побарал демантна објавената клеветничка содржина, па интернет порталот www.fakte.net наредниот ден по објавата односно на 11.10.2015 година, го споделил линкот со јавноста во кој тужителот изјавува дека разговорот со Божиновски е монтиран, но без оглед на тоа тужениот истиот ден го преземал и пренел објавениот текст од 10.10.2015 година без да реагира односно да перземе мерки да ја ублажи штетата на тужителот и покрај тоа што тужителот и нему лично му се обратил со барање за извинување и јавно повлекување на ден 22.10.2015 година. Поради овие причини тужителот согласно одредбите од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета предложи судот да донесе одлука како во изреката на оваа пресуда со тоа што тужбеното барање во целост ќе го усвои.

Тужениот преку својот полномошник во писмениот одговор на тужба тужбеното барање го оспори во целост како неосновано од причина што туениот на ден 11.10.2015 година следејки ги информациите во медиумите поврзани со настаните предизвикани со насилниот обид со смена на највисоките органи на ИВЗ од 4.5.2015г., само ја пренел веста која предходниот ден била објабена на порталот www.fakte.net. Имено, тужениот е член на ријасетот на ИВЗ во РМ, кој е највисок орган на верската

за кои согласно чл.24 од Законот за судски такси вредноста на спорот изнесува 40.000,00 денари, додека вредноста на второто е во висина на усвоениот износ од 30.000,00 денари.

**ОДЛУЧЕНО ВО ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - ГРАЃАНСКИ СУД - СКОПЈЕ**
**под VII П5 бр. 2/16 од 28.02.2018 година**

**Претседател на совет,**
**Судија**
**Весна Калковска**

Верно со оригиналот-потврдува
Раководител на одд.

**ПОУКА:** Против оваа пресуда незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд во Скопје.
**НАЛОГ ЗА ТАКСА:** Се задолжува тужителот да плати такса за пресуда во износ од 6.000,00 денари во рок од 15 дена по приемот на пресудата, а во спротивно таксата ќе биде присилно наплатена во зголемен износ.

**Д.Н.** - на тужител Скендер Бузаку с.Средно Коњари ул.2 бр.5
- на полномошникот на тужениот, адвокат Радован Чешмаџиски од Куманово ул.11 Октомври бр.3